Бр.08-1566/2
02.11.2018 година
С к о п ј е

**ЗАБЕЛЕШКИ**
**од одржана јавна расправа по нацрт-текстот на Предлог-законот за медијација**

Во Стопанската комора на Македонија, на 01.11.2018 година, беше одржана јавна расправа по нацрт-текстот на Предлог-законот за медијација. На јавната расправа која беше одржана на иницијатива на Стопанската комора на Македонија, поканети беа медијатори, членови на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, членови на работната група која го подготвувала Нацрт текстот на предлог законот за медијација, претставници од министерството за правда и други засегнати страни.

Во дисусијата, присутните посочија дека станува збор за целосно нов текст на Закон за медијација, а не за измени на постојниот закон, поради што беше посочено дека не треба да се избрзува со усвојување на законското решение, и беше посочено дека предложеното законско решение има повеќе недостатоци и неприменливи одредби, поради кои може да се доведе во прашање функционирањето на медијацијата. Присутните посочија дека новото законско решение треба да биде од суштинско значење за понатамошен развој и промоција на медијацијата во Република Македонија, кое треба да биде конципирано земајќи ги предвид забелешките на сите засегнати страни, како и добрите практики од оваа област од земјите-членки на Европската Унија, со почитување на начелата на медијација, задржување и заштита на заедничките интереси на медијаторите и поголема поддршка и афирмација на медијацијата, како и дека измените треба да бидат во насока на олеснување на постапката на медијација, како за бизнис заедницата, така и за физичките лица, и намалување на трошоците и времетраењето на медијацијата како доброволна опција за решавање на споровите.

Во однос на предложениот текст на Предлог-законот за медијација се предложи следното:

## I. ЧЛЕН 3 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

1. Во **член 3 став 1** од предложеното законско решение, се предвидува следното поимно определување на медијацијата - *„Медијација“ е постапка на алтернативно решавање на споровите наведени во член1 од овој закон, настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на*

*трета неутрална страна медијатор/медијатори, со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба.*

**ПРЕДЛОГ:** Предложената одредба содржи непрецизности, што не ја одразуваат суштината на медијацијата како метод на решавање на споровите. Поради наведеното, се предлага да биде задржано поимното определување од важечкиот закон за медијација, односно ставот 1 од член 3 да гласи: „Медијација“ е секое посредување, без оглед на неговиот назив, при решавање на спорниот однос во постапка на медијација во коешто на страните во спорниот однос им се овозможува истиот да го решат по пат на преговарање, на мирен начин со помош на еден или повеќе лиценцирани медијатори (во натамошниот текст: медијатор), со цел да се постигне заедничко прифатливо решение изразено во форма на писмена спогодба.“

2. Во **член 3 став 9**, се предлага да биде уредено поимот ополномоштено лице, при што се предвидува дека *ополномоштено лице е физичко лице кое е полнолетно и деловно способно /да/ лице кое, врз основа на полномошно за застапување во медијација заверено кај нотар, учествува во преговори при спроведување медијација и ги застапува интересите на страна учесник во медијација, согласно овластувањата наведени во полномошното.*

   **ПРЕДЛОГ:** Воведувањето на обврска полномошното во медијација да биде заверено на нотар претставува дополнително финансиско оптоварување за страните во постапката. Имајќи го предвид неформалниот карактер на медијацијата, што е уредено и во начелата на медијацијата уредени во предложеното законско решение, се предлага да се преиспита обврската полномношното да биде заверено на нотар, особено во случаите кога како полномошник на страната се јавува адвокат, што е и најчест случај во досегашната практика на медијаторите.

## II. ЧЛЕН 7 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Во членот 7 од предложеното законско решение се уредува дека *„Медијацијата се спроведува согласно начелото на доброволност, рамноправност и неформалност, непристрасност, доверливост, достапност на информации, еднаквост, правичност, ефикасност и економичност.“*

**ПРЕДЛОГ:** Употребениот израз „достапност на информации“ во членот 7, и како наслов пред членот 12 од предлог-текстот на законот потребно е да се допрецизира, од причина што упатува на заклучок дека информациите кои произлегуваат од постапките за медијација се достапни на јавноста, што е спротивно на начелото на доверливост на медијацијата – поради наведеното, истиот да се

промени со „ограничување на достапноста на информации за медијацијата“.

## III. ЧЛЕН 11 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со **член 11 став 7 точка 5** од предлог-законот за медијација се предвидува дека *одделни информации кои произлегуваат или се поврзани со постапката на медијација нема да имаат карактер на доверливост, доколку тоа е нужно за спроведување на спогодбата која произлегува од постапката на медијација.*

**ПРЕДЛОГ:** Се предлага да биде преиспитана формулацијата, во насока на разјаснување кој субјект ќе одлучува дека е нужно да се отстапи од начелото на доверливост, и согласно кои критериуми ќе се процедува дали е тоа нужно или не.

## IV. ЧЛЕН 17 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со предложениот член 17 се предвидува следното:

*(3) Медијаторите се должни приемот на барањето веднаш да го внесат во Регистарот, и да продолжат со тековно внесување на сите потребни податоци заклучно со крајниот исход на постапката.*

*(4) Министерот со правилник ја пропишува содржината и начинот на водењето на Регистарот.*

**ПРЕДЛОГ:** Предложените решенија се во спротивност со начелото на доверливост на медијацијата. Имено, секој од медијаторите треба да има пристап единствено до сопствените податоци, но не и до податоците кои ги внесуваат сите други медијатори, во кои се содржани детални податоци за страните на медијацијата и за спорот кој се решава во конкретната постапка. Поради наведеното, се предлага да се преиспита потребата од постоењето на регистарот, а доколку се одлучи преложената одредба да остане, и водењето на регистарот да биде во надлежност на Министерството за правда, се предлага по ставот 4 да биде додаден нов став 5, со кој ќе се уреди дека лицето кое го води централниот регистар во Министерството за правда одговара за штета која ќе ја причини на медијаторите, страните и третите лица во постапката на медијација преку изнесување на информации од регистарот на податоци.

## V. ЧЛЕН 18 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со член **18 став 4** се предвидува следното:

*„Поканата за изјаснување за учество во медијација, ја изготвува медијаторот во писмена форма и ја доставува до страната која иницијаторот ја навел како спротивставена страна со која е во спорен однос, преку пошта/доставна служба, со повратен рецепис или по електронски пат.“*

**ПРЕДЛОГ:** Да се преиспита опцијата поканата да може да се доставува и по електронски пат – оваа опција може да се применува

за сите други дејствија/документи во текот на постапката, но поканата која е иницијативен документ треба да има можност да се доставува само по пошта, особено кога станува збор за физичко лице кое е страна во постапката, и за кое не се води посебен регистар на електронски адреси ниту истите се евидентираат на некој друг начин, за да може со сигурност да се утврди точноста на електронската адреса на која се испраќа поканата.

## VI. ЧЛЕН 23 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со членот 23 став 3 се уредуваат ситуации на неспоивост на вршење на медијаторски работи:

*„(3) Неспоиво е извршувањето на медијаторски работи со извршувањето на функцијата на судија, нотар и извршител.“*

**ПРЕДЛОГ:** Наведената одредба е непотребно да стои, имајќи предвид дека неспојливоста на вршење на други работи е веќе уредена во соодветните закони во кои се уредува судиската фунција, нотаријатот и извршувањето – доколку интенцијата на законодавецот била да потенцира избегнување на можноста за вклученост на овие категории на субјекти во тековни судски предмети, односно предмети пред нотар или извршител, тогаш формулацијата треба да биде проширена и со лицата кои се вработени во суд, односно во нотарски и извршителски канцеларии.

## VII. ЧЛЕН 24 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Во членот 24 се предлага да бидат воведени **ставови 7 и 8**, кои гласат:

*7) Медијаторот е должен да се јави на покана на надлежен орган во врска со предмет во кој постапувал притоа почитувајќи го начелото на доверливост на медијацијата.*

*(8) За учество во својство на медијатор,и во врска со предмет во кој постапувал, на медијаторот му следи надомест за изгубен ден за присуство во постапка пред надлежен орган, како и надомест на реално предизвиканите трошоци за исполнување на обврската од ст.7 од овој член.*

**ПРЕДЛОГ:** Имајќи го предвид начелото на доверливост на медијацијата, но и забраната за медијаторот во судска или друга постапка да изнесува факти, да сведочи или да предлага докази за прашања поврзани со постапката на медијација во која учествувал, како и околноста дека медијацијата е алтернативен метод на решавање на спорови, која за странките да биде поекономична во однос на другите методи за решавање на споровите, беспредметно е да се уредува ваква опција, и потребно е да се избришат предложените ставови 7 и 8 во членот 24.

## VIII. ЧЛЕН 26 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

1. Во членот **26, ставот 3** гласи:
   *„3) со писмена изјава на медијаторот, а по извршени консултации со страните дека натамошното водење на постапката на медијација не е целисходно (оправдано) на денот на поднесувањето на писмената изјава;“*

   **ПРЕДЛОГ:** Зборовите „оправдано“ да се бришат.

2. Во **членот 26,** со предложеното законско решение се воведуваат **два нови ставови 6 и 7**, во однос на можностите за завршување на постапката на медијација, кои гласат:

*„6) со писмена изјава по сознание на медијаторот дека страната која е правно лице престанува да постои, односно кога надлежниот орган правосилно одлучи за забрана на работата;*
*7) со писмена изјава по сознание на медијаторот дека настапила смрт на една од страните на спорниот однос.“*

**ПРЕДЛОГ:** предложените ставови 6 и 7 да се бришат, од причина што медијаторот нема истражни овластувања, за да може да добие сознанија за наведените околности.

3. Во **членот 26, точката 9** уредува дека постапката за медијација завршува
   *„9). со донесување на решение или друг акт со кој на медијаторот не му е дозволено да извршува медијаторски работи, за време на периодот за кој трае забраната.“*

**ПРЕДЛОГ:** Наведената одредба е неприменлива, и треба да биде избришана, особено имајќи во предвид дека не е соодветно уредено прашањето кој и кога ќе утврдува дека на медијаторот не му е дозволено да извршува медијаторски работи.

4. Со **членот 26 став 3** се предвидува продолжување на роковите за завршување на постапката за медијација:
   *„(3) Постапката на медијација по правило завршува во рок до 90 дена од денот на нејзиното започнување, а може да биде продолжена со изричита писмена согласност на страните учесници, но најмногу за уште 30 дена, или со истекот на 120 дена, сметано од денот на започнувањето на медијацијата.“*

   **ПРЕДЛОГ:** Предвидените рокови од најмногу 120 дена се премногу долги, имајќи ги предвид поволностите кои треба да ги нуди медијацијата како метод на решавање на споровите, во кои секако примарно значење има брзината. Практиката покажува дека ако странките во релативно краток рок не успеат да постигнат согласност, се намалуваат изгледите тоа да се случи по подолго време, поради што се предлага максималното траење на постапката за медијација да биде уредено да биде 60 дена.

## IX. ЧЛЕН 27 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со **членот 27 став 2**, во однос на спогодбата се уредува следното:
*„(2) Спогодбата од став 1 на овој член во писмена форма медијаторот ја изготвува веднаш, но не подоцна од 3 дена од денот на завршувањето на преговорите, и истата ја заверува со свој потпис и печат.“*

**ПРЕДЛОГ:** Имајќи ги предвид важечките законски прописи во Република Македонија, медијаторот не може да заверува спогодба – согласно наведеното, употребениот израз треба да биде заменет со изразот „и на истата свој печат и потпис става медијаторот“.

## X. ЧЛЕН 32 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Во членот 32 се предлага да биде **воведен став 8** кој гласи:
*„8) Доколку е иницирана медијација, а во законски предвидениот рок за спроведување на постапката, страните постигнат спогодба за решавање на спорот надвор од медијацијата, односно без посредство на избраниот медијатор кај кого е иницирана постапката, страната иницијатор, е должна да ги плати трошоците на постапката,како да е склучена спогодба со посредство на медијаторот, во зависност од вредноста на спорот, бројот на страните во спорот и сл. според писмен трошковник кој ќе им го достави медијаторот, по сознанието дека спорот е решен без да биде вклучен во посредувањето.“*

**ПРЕДЛОГ:** Се поставува прашањето како ќе ги натера медијаторот страните да го платат трошковникот за предмет за кој немале медијација, и никој не им го примил трошковникот, иако имал сознание дека спогодбата страните ја склучиле вон постапката за медијација, поради што предложената одредба може да биде неприменлива во практиката.

## XI. ЧЛЕН 43 и ЧЛЕН 57 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со **член 42 став 1 точка 4** се уредува дека помеѓу останатото, Комората на лиценцирани медијатори го врши следното јавно овластување:
*„4) Организирање и спроведување на континуирано стручно усовршување на медијаторите членови на Комората, по претходно одобрена годишна програма од Министерството за Правда.“*

**Членот 57 став 3** го предвидува следното:
*„(3) Комората на лиценцирани медијатори е должна да ја организира континуираната едукација од ст.2 на овој член, според*

*програма за која ќе обезбеди одобрение од Министерството за Правда и согласно финансиските средства доделени од Владата на РМ во склоп на финансиската програма за секоја тековна година.“*

**ПРЕДЛОГ:** Предложените одредби не уредуваат во доволни детали на кој начин би се спроведувале предложените обуки, односно кој ќе ги реализира. При тоа, треба да се допрецизира дека континуираната едукација ќе се спроведува од страна на странски експерти, кои ќе можат пред медијаторите да пренесуваат искуства/знаења/практики од европските држави и законодавства. Алтернативно, доколку остане опцијата континуираните обуки да ги спроведуваат лиценцирани обучувачи, тогаш потребно е да се уреди методологија како ќе се избираат лицата кои ќе ги спроведуваат обуките, на рамномерна основа, од сите лиценцирани обучувачи, согласно законот.

## XII. ЧЛЕН 52 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со одредбите на предложениот законски текст, не се уредени причини за престанок на мандатот на претседателот на Комората, иако истото е уредно за членовите на Управниот одбор. Истовремено, претседателот на Комората е овластен да ја претставува и застапува Комората. При тоа, претседателот на Комората на медијатори како личност со интегритет и знаење треба да ги почитува сите членови од законот но и да го штити имотот и средствата на комората стекнати со нејзините активности.

**ПРЕДЛОГ:** Поради наведеното, **по ставот 4, се предлага да се додадат нови ставови 5 и 6,** кои ќе гласат:
5). Мандатот на претседателот престанува пред истекот на времетраењето за кое е избран во случај на смрт, писмена оставка, изречена дисциплинска санкција или правосилна судска пресуда која го прави недостоен за вршење на функцијата.
6). За материјалното и финансиското работење на Комората одговара Претседателот на Комората.

## XIII. ЧЛЕН 56 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со членот 56 став 4 се предвидува евалуацијата да се спроведува на годишно ниво.
*„(4) Евалуацијата на квалитетот на работењето на медијаторите и нивното постапување согласно обврските и задолженијата предвидени со овој закон, ја врши Одборот за медијација најмалку еднаш годишно согласно Правилник за методологија и постапка за вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите.“*

**ПРЕДЛОГ:** Имајќи го предвид предложеното трансформирање на лиценците на неопределено време, се чини непрактично евалуацијата да биде спроведувана на една година, што е премногу краток рок. Поради наведеното, се предлага рокот во кој ќе се спроведува евалуација да биде продолжен на три или пет години.

## XIV. ЧЛЕН 60 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

1. Со **членот 60 став 4** се уредува:
*„(4) Испитот се полага еднаш во текот на годината според програма во која се содржани литературата и прописите.“*

**ПРЕДЛОГ:** Важечкиот закон предвидува дека има повеќе од 4 испитни сесии во текот на една година, и не е фер на лицата кои сакаат да се стекнат со лиценца за медијатор да им се ограничува можноста за само една испитна сесија во текот на годината, што е пререстриктивно, и ја ограничува можноста за проширување на бројот на лиценцирани медијатори.

2. Со **членот 60 став 9** е се уредува:
*„(9) За потребите на вториот дел од испитот, односно за симулацијата на студии на случај ќе се ангажираат четири лиценцирани медијатори(два члена во улога на страни учесници и два члена во улога на полномошници/трети лица)како учесници-симулатори на спротивставени страни.Поблиските услови за спроведување на испитот ќе се определат со подзаконски акт на министерството за правда.“*

ПРЕДЛОГ: Заради обезбедување на рамномерна ангажираност на сите медијатори, при уредувањето на ова прашање со подзаконските акти препорачливо ќе биде да се утврдат јасни и прецизни критериуми на кој начин ќе биде вршен изборот на медијаторите кои ќе бидат ангажирани за овие активности.

## XV. ЧЛЕН 62 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со членот **62 став 3, точки 2 и 3** е уредено следното:
*„2) уверение од Комората на лиценцирани медијатори за упис во Именикот на медијатори за својството медијатор и*
*3) потврда за упис од Регистарот за евиденција на постапките за медијација или соодветен регистар од странска држава доколку апликантот е странски државјанин, за спроведени најмалку 20 постапки со склучени спогодби во медијација во последните три години.“*

**ПРЕДЛОГ:** Потребно е да се уреди можноста лиценца за обучувач да може да добие и странски државјанин, под истите услови како и домашните медијатори. Истовремено, не треба да стои условот

склучени спогодби, бидејќи според ниедна европска повелба никаде не е предвидено дека успешна медијација е медијација со склучена спогодба. Склучување на спогодба е легитимно право и волја на страните учеснички во процесот и страните може да имаат успешна медијација и склучена спогодба без потпишување на истата. Одредбата може да се допрецизира дека се работи за активни медијации односно медијации каде од двете страни има потпишано изјава за согласност за почнување на медијацијата без разлика на исходот од медијацијата.
Поради наведеното, се предлага предложените ставови да се преформулираат и да гласат:
2) упис во Регистарот на медијатори или соодветен регистар од странска држава, доколку апликантот е странски државјанин, за својство на медијатор;
3) упис од Регистарот за евиденција на постапките за медијација или соодветен регистар од странска држава доколку апликантот е странски државјанин, за спроведени најмалку 12 активни постапки за медијација во последните три години.

## XVI. ЧЛЕН 67 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

**Членот 67 став 1** предвидува:
*„(1) До Одборот за медијација, апликација за акредитација на програма за обука на медијатори (основна, во специфична област и за обука за обучувачи) можат да поднесат домашни и странски правни лица регистрирани/запишани во ЦР на Република Македонија, кои ги исполнуваат условите за акредитација на програми за обука предвидени со овој закон.“*

**ПРЕДЛОГ:** Важечкото решение предвидува апликација да акредитација да можат да поднесат физички и правни лица, под еднакви услови, и се предлага истата можност да биде уредена и во новиот закон.

## XVII. ЧЛЕН 68 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

**Членот 68 став 1 алинеја 3** уредува дека помеѓу останатото, кон барањето за акредитација на програми до Одборот за медијација се поднесува:

*„- Изјава на овластеното лице заверена на нотар, дека секоја организирана обука ќе се спроведе најмалку од тројца обучувачи кои поседуваат лиценца за обучувач на медијатори и се запишани во Регистарот на обучувачи кој го води Министерството за правда во Република Македонија“*

**ПРЕДЛОГ:** Треба да се брише делот тројца обучувачи и да остане или двајца како што е до сега или да се измени во еден обучувач кој

секако дека ќе соработува со повеќе обучувачи или експерти за медијација кога ќе се врши обуката. Со новиот предлог за тројца обучувачи се создава простор за создавање одредена група и монополизација на одржување на обуки.

## XVIII. ЧЛЕН 69, 70 и 72 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Со **членот 69 став (2)** се уредува дека *„Одборот има својство на правно лице“.*

Со **членот 70 став 1 и 2** е уреден составот на Одборот:

*„(1)Одборот е составен од пет члена и секретар, избрани од страна на Владата на РМ.*

*(2) Владата ги избира членовите од редот на пријавените лица врз основа на јавниот повик за искажување на учество во Одборот, упатен до лицата кои се членови на до Комората на медијатори, здружението на судиите, граѓанските организации и вработените во државната управа, кои покажале резултати во областа на медијацијата, во последните пет години.“*

**ПРЕДЛОГ:** Потребно е да се преиспита дали има потреба да продолжи да постои тело како Одборот за медијација, или надлежностите кои ги врши да се распределат на некој друг субјект. Доколку се прифати опцијата да продолжи Одборот да ги врши тие надлежности, се предлага составот на Одборот да биде уреден како и досега важечкото решение, кое е функционално и покажува добри резултати - еден член на предлог на Комората од редот на медијаторите запишани во Именикот на медијатори, еден член на предлог на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите на истиот, еден член на предлог на Адвокатската комора на Македонија од редот на адвокатите, еден член на предлог на Интер - универзитетската конференција од редот на професорите на високообразовните установи, еден член на предлог на Комората на психолози на Македонија од редот на дипломирани психолози со посебна лиценца за вршење на психолошка дејност, еден член на предлог на Министерството за правда од редот на вработените кои работат на прашања од областа на медијација, еден член на предлог на Министерството за труд и социјална политика од редот на вработените кои работат на прашања од областа на медијација, еден член на предлог на Министерството за економија од редот на вработените кои работат на прашања од областа на медијацијата, еден член од редот на стопанските комори во Република Македонија и еден член на предлог на Здружението на потрошувачи на Република Македонија. Имено, со предложеното решение се нарушува независноста на Одборот, и не е јасно како ќе се оценува исполнетоста на критериумот остварени резултати, и по кои мерила. При тоа, треба да се гарантира дека Одборот, сoгласно членот 72 од предлог-законот за медијација, своите надлежности ќе ги врши во насока на

верификување на исполнување на критериумите, кои се јасно пропишани во законот.

## XIX. ЧЛЕН 74 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

**Членот 74 став 2,** надлежноста за донесување на Тарифникот ја пренесува на Одборот за медијација.
*„(2) Одборот за медијација, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија. донесува Тарифник за висината на реално потребните трошоци за издавање на лиценци на медијатори, обучувачи на медијатори и акредитациите од овој закон".*

**ПРЕДЛОГ:** Уредувањето на ова прашање да остане како и во досега важечкото решение, односно Тарифникот да го донесува надлежното министерство.

## XX. ЧЛЕН 83 ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

ЧЛенот 83 го уредува следното:
*„За постапката за медијација која со посебен закон е уредена како законска претпоставка која претходи на започнувањето на судската постапка, законски одредби утврдени со посебен закон имаат важност 5 /пет/ години сметано од денот на примената на посебниот закон."*

**ПРЕДЛОГ:** Формулацијата на членот не е доволно јасна и разбирлива, и не е јасно што била намерата на законодавецот со ваква одредба. Потребно е истата да биде допрецизирана, или избришана.

## XXI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**ПРЕДЛОГ:** Во предложеното законско решение не се содржани преодни одредби во однос на лиценцираните обучувачи и акредитираните програми, и потребно е и ова прашање да биде соодветно уредено, со цел да се избегнат правни празнини.

в.д. Извршен директор,
Билјана Пеева-Ѓуриќ с.р.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ SKOPJE II MACEDONIA ECONOMIC CHAMBER OF